**20160391004**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2016 година.

Бр. 08-1309/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15), во членот 22 став (3) по зборот „член“ се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на приемот на решението“.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) и (20) се бришат.

Член 2

Во членот 29 став (3) точка 5) алинеја 4 по зборот „положен“ запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се брише, а запирката се заменува со точка запирка.

Алинејата 6 се брише.

Член 3

Во членовите 76-в став (4), 76-г став (4), 76-д став (4), 76-ѓ став (4) и 76-е став (4) зборовите: „или Аптис“ се бришат.

Член 4

Одредбата од членот 1 од овој закон ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.